**Известување за концентрација со која Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., Словенија, ќе стекне контрола над КАРДИОЛОШКИ ЦЕНТЕР превентива, терапија ин рехабилитација д.о.о., Република Словенија**

**(предмет бр. 08-71/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), на ден 28.03.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Дијагностички центар Вила Богатин д.о.о., со седиште на Под Скало 4, 4260, Блед, Словенија стекнува единствена контрола над КАРДИОЛОШКИ ЦЕНТЕР превентива, терапија ин рехабилитација д.о.о. Цанкарјева улица 60, 5000 Нова Горица, Република Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Дијагностички центар Вила Богатин е основан во 1992 и со тоа е првиот дијагностички центар во Словенија. На почетокот, неговата главна активност била гастроентерологија; во годините што следел, неговиот обем на активности се зголемувал. Денес, единици на Подносителот функционираат во Блед, Љубљана и Ново место.

Дијагностички центар Вила Богатин ги обезбедува следните медицински клиники на пациентите: Гастроентерологија, урологија, кардиологија, ортопедија, X-зраци и ултразвук, алергологија, тиреологија, клиника за остеопороза, дерматологија, гинекологија, консултации за исхрана.

Дијагностички центар Вила Богатин нема поврзани друштва со седиште надвор од Словенија.

Директни содружници на Вила Богатин д.о.о., се:

Позаваровалница Сава д.д., Дунајска Цеста 56, 1000 Љубљана и Заваровалница Триглав д.д., Миклошичева цеста 19, 1000 Љубљана, Словенија, секој со 40% учество во основната главнина на Дијагностички центар Вила Богатин и со тоа ќе се стекнат со индиректна контрола над Целните Друштва.
Позаваровалница Сава е крајно матично друштво на Сава Осигурување Групата.
Сава Осигурување Групата моментално има четири регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија:

- Сава Осигурување АД Скопје со ЕМБС 4778529 со приоритетна дејност неживотно осигурување,
- Сава Пензиско Друштво АД Скопје со ЕМБС 5989434 со приоритетна дејност дејности на управување со фондови,

- Сава Стејшн ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7005350 со приоритетна дејност техничко испитување и анализа и
- ВИТА С ХОЛДИНГ ДОО Скопје со ЕМБС 7690088 со приоритетна дејност неспецијализирана трговија на големо.

Заваровалница Триглав е крајно матично друштво на Триглав Групата.

Триглав Групата моментално има четири регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија:

- Триглав Осигурување АД Скопје со ЕМБС 4691130 со приоритетна дејност неживотно осигурување,
- Триглав Осигурување Живот АД Скопје со ЕМБС 7233825 со приоритетна дејност животно осигурување,
- Триглав пензиско друштво АД Скопје со ЕМБС 7344228 со приоритетна дејност дејности на управување со фондови и
- ТРИГЛАВ управување со недвижен имот ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 7729014 со приоритетна дејност изнајмување и управување на сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

КАРДИОЛОШКИ ЦЕНТЕР превентива, терапија ин рехабилитација д.о.о. во својата клиника за кардиологија изведува целокупен кардиолошки третмани за своите пациенти согласно Европските стандарди.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

02.04.2025 година
Скопје